# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ • НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

5 - 11 март 2018 година Број : 297

# УШТЕ ДВЕ ГРАДИНКИ ЦЕЛОСНО ОПРЕМЕНИ СО ПРОЧИСТУВАЧИ ЗА ВОЗДУХ

Акцијата за донирање на прочистувачи за воздух во градинките, доби вистинска масовност во изминатиот период. По декемврискиот апел за справување со загадениот воздух, на повикот за општествена одговорност на компаниите се одзваа голем број на фирми кои преку сопствен пример ја покажаа грижата за локалната заедница.

Ротари клубот „Скопје Камен Мост" донираше 12 прочистувачи за воздух, шест за градинката „Распеана Младост" во Карпош 1 и шест за „Орце Николов" во Карпош 4.Со оваа донација, комплетно се опремени уште две градинки во Карпош со прочистувачи за воздух.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев изрази задоволство од тоа што Ротари клубот (финансиски потпомогнати од „Пивара Скопје" АД Скопје) одговорија на повикот на Општината и на вистински начин придонесоа кон заштитата на децата од загадениот воздух.

- Свесни сме дека загадувањето може да го намалиме само со координирана акција со сите чинители, институции, граѓани, компании, невладини организации. Преку оваа акција, за донирање на прочистувачи за воздух покажавме дека е можна соработка меѓу институциите и компаниите, и денеска имаме прочистувачи речиси во сите градинки во Карпош, рече Богоев.Претседателот на Ротари клубот Иван Новаковски истакна дека иако овие донации не го решаваат трајно изворот на загадувањето, сепак, времено го подобруваат квалитетот на воздухот кој го дишеме.

Исто така, Новаковски посочи дека Ротари клубот во следниот период ќе работи на подигнување на јавната свест кај најмладите, учениците од основните училишта и потребата од чист воздух и здрава животна средина.

Имено Клубот има разработено систем на мерки за заштита на учениците и наставниците од загадениот воздух, во периодите кога се надвор од училишните простории и за време на одморите.



# ГРАЃАНИТЕ ЌЕ ОДЛУЧУВААТ ЗА „ЗДРАВ“ КАРПОШ ПРЕКУ HORIZON 2020 INHERIT

Општина Карпош е првата локална самоуправа во Град Скопје која ќе започне да го спроведува проектот HORIZON 2020 INHERIT, во соработка со Инситутот за јавно здравје на Република Македонија.

Станува збор за проект кој овозможува зголемена вклученост на граѓаните и различните целни групи во креирање на локалните политики.

За таа цел, подготвен е Прашалник за здрава населба (ПЗН) преку кој граѓаните, претставниците на формалните и неформалните здруженија ќе имаат можност да дадат мислење за најразлични прашања и тоа: квалитетот на живот во нивната населба, урбанистичкото планирање, нивото на хигиена, состојбата на улици, степенот на развиеност на локалната економија, безбедноста и одржувањето на населбата и други прашања од локално значење.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев посочи дека проектот дава шанса за добивање на повеќе мислења и сугестии од граѓани, експерти, организации, кои ќе бидат вметнати во секторски програми на Општината, во периодот на креирање на идните буџети.

Советникот од Инситутот за јавно здравје, проф.д-р Драган Ѓорѓев напомена дека овој проект овозможува градење на чувство на припадност на граѓаните кон населбата. Со тоа што ќе бидат прашани, граѓаните ќе знаат дека Општината го вреднува нивниот став, а конкретните идеи кои ќе бидат преточени во решенија или проекти на Карпош го заокружуваат процесот на заедничко креирање на локални политики.

Проектот HORIZON 2020 INHERIT веќе се спроведува во Латвија и во други земји од Европската Унија. Истиот е прилагоден и за нашите услови, при што се водеше сметка да бидат застапени ставовите на повеќе категории на граѓани и целни групи.

Со цел да се заокружи рамката за реализација на проектните активности, Општина Карпош и Инситутот за јавно здравје на Република Македонија денеска склучија Меморандум за соработка.

Во претстојниот период ќе се договори и Оперативниот план за спроведување на проектот, со конкретни временски периоди на реализација, методолошки пристап и определување на други субјекти кои би биле вклучени во проектот.

# СВР И ОПШТИНАТА КООРДИНИРАНО ВО ПРЕВЕНЦИЈА ОД КРИМИНАЛОТ



По презентацијата на претставникот од Секторот за внатрешни работи-Скопје, за начинот на функционирање и формирање на Локален совет за превенција на Општина Карпош, советниците го изгласаа овој значаен проект. Имено, станува збор за поголема координација меѓу СВР Скопје и секоја Општина која се наоѓа на територијата на Град Скопје за превенција на девијантни појави кои се санкционираат со закон.

Во овие совети, можат да членуваат граѓани, претставници од невладиниот сектор, советници во Советите на локалната самоуправа, и претставници на институциите, со што ќе се создаде поголема вмрежена координација за превенција.

За член во Локалниот совет за превенција во Градскиот Совет, од редовите на Советот на Општина Карпош е избран советникот Владимир Станивуковиќ.

На осмата седница на Советот на Општина Карпош се прифати одлуката за донирање на прочистувачи на воздух, од страна на Друштвото за трговија „ СМС ШОПС ДООЕЛ“ експорт-импорт Скопје и од „ Лукоил ДООЕЛ“. На оваа седница , советниците ги изгласаа предлог-решенијата за разрешување и именување на членови во Управните одбори на четирите детски градинки на територијата на локалната самоуправа: „ Пролет“, „ Мајски Цвет“, „ Распеана Младост “, и „ Орце Николов“.

На оваа седница се одобрија и финансиски средства за лекување на жител на Општина Карпош во странство во вредност од 120.000 денари, како и се даде согласност за доделување на ребраст пластифициран лим за покриви на семејства од социјален ризик.

# ЧЕСТИТ 8 МАРТ ЗА ЛИЦАТА ОД “МАЈКА ТЕРЕЗА”



На покана на Домот за стари лица “Мајка Тереза”, во Злокуќани, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, заедно со дел од советниците при Советот беа во посета на повозрасните наши сограѓанки, со цел заеднички да го одбележат 8 МАРТ, Меѓународен ден на жената.
Во разговор со нив, Богоев имаше шанса да ги слушне нивните сеќавања за овој ден, како денеска ги поминуваат пензионерските денови и од колкаво значење им е комуникацијата со луѓето надвор од секојдневието.

- Во празничните моменти, кога сите се собираат со најблиските, знам дека и за вас е важно да имате со кого да споделите убави мигови. Тоа е примарното значање на оваа наша, меѓугенерациска дружба, рече Богоев.
Со цел да се подобрат условите во кои претстојуваат лицата во Мајка Тереза, Општината уште во изминатиот период презеде активности за зголемување на безбедноста во Домот, како што е санирање на подот и други тековни зафати.

За на пролет, се предвидува и дополнително уредување на дворот и оплеменување на просторот со ново зеленило.

# НОВИОТ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР ЌЕ СЕ ГРАДИ ВО КАРПОШ

Со Одлука на Владата на Република Македонија и Министерството за здравство, новиот Клинички центар ќе се гради на територија на Општина Карпош, на локација меѓу Бардовци и Злокуќани.

На оваа одлука и претходеше темелна и стручна анализа, како и координирана работа меѓу урбанистите и архитектите од Општина Карпош, во соработка со Владата на Република Македонија, Министерството за здравство, Градот Скопје и Асоцијацијата на архитекти .

На денешната прес – конференција, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, одговарајќи на новинарско прашање, посочи дека Општината целосно ќе излезе во пресрет на Министерството и сите засегнати институции за непречено реализирање на Клиничкиот центар кој ќе претставува вистински медицински град, составен од комплекс на клиники, Медицински факултет и студентски кампус.



Намената за оваа локација според Генералниот урбанистички план донесен во 2012 година  кој е со важност до 2022 година е здравство.

Ние сме подготвени целосно да одговориме на нашите обврски, согласно ингеренциите кои ги имаме и секако, штитејќи го интересот  на граѓаните, рече Богоев.Со ова конечно ќе се обезбеди планска урбанизација и на другиот дел од реката Вардар бидејќи Бардовци и Злокуќани беа инфраструктурно запоставени во изминатиот период.

Квазиурбанизацијата која му се случи на Карпош со право претставува најгорлив проблем за граѓаните, а дисперзирањето, пренесувањето на урбанизацијата во периферните делови на локалната самоуправа делумно ќе ја ослободи Општината од бетонот и градежниот хаос кој досега владееше. Исто така, во контекс на реализацијата на овој капитален проект е и планот за продолжување на улицата “Словенечка” и на улицата “Љубљанска” кон другата страна на Вардар, со што ќе се растовари сообраќајот на подрачјето околу ТЦ Сити Мол, кое сега претставува “тесно грло”.

Во Општина Карпош, веќе работат поголем број на државни и приватни болници, поликлиники и ординации. Изградбата на новиот клинички центар ќе претставува дополнителен придонес  кон целосно подобрување на квалитетот на здравствените услуги, здрава конкуренција и можност за избор за лекување на самите граѓани, како и поголема понуда на здраствени услуги од страна на државата.